Уп. бр. 08-29

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Талентис Интернешнл Кидс Стор Инвестментс Кфт. со регистрирано седиште на адреса Ваци утка 38, 1056 Будимпешта, Унгарија доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 25.03.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото Талентис Интернешнл Кидс Стор Инвестментс Кфт. со регистрирано седиште на адреса Ваци утка 38, 1056 Будимпешта, Унгарија ќе стекне самостојна контрола над АЛФИ КИДС, управување со инвестиции, д.о.о. со регистрирано седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 04.02.2026 година, а дополнето на ден 03.03.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото Талентис Интернешнл Кидс Стор Инвестментс Кфт. со регистрирано седиште на адреса Ваци утка 38, 1056 Будимпешта, Унгарија, со која Талентис Интернешнл Кидс Стор Инвестментс Кфт. ќе стекне самостојна контрола над АЛФИ КИДС, управување со инвестиции, д.о.о. со регистрирано седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите и дополнувањата кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-**Талентис Интернешнл Кидс Стор Инвестментс Кфт.** е друштво со посебна намена основано во декември 2025 година за целите за учество во предложената трансакција и во моментот нема деловни активности. Индиректно е во целосна сопственост и самостојна контрола на Месзарос Групата.

Месзарос Групата вклучува зависни друштва кои работат во различни сектори кои се составен дел на една подгрупа во рамките на поширока групација. Овие подгрупи главно се занимаваат со градежништво, недвижности, инженерство, транспорт, енергетика, земјоделство и угостителство.

Месзарос Групата нема зависни друштва во Северна Македонија. Сепак, Месзарос Групата остварила мал приход во Северна Македонија во 2024 година преку групациските друштва кои не се регистрирани во Северна Македонија. Најголем дел од таквиот приход е остварен преку продажба на скроб и производи на база на скроб, како и преку хотелско работење и активности поврзани со туризам, вклучително и услуги за сместување и рекреација.

-**АЛФИ КИДС управување со инвестиции, д.о.о.** е холдинг друштво и заедно со субјектите под негова целосно сопственост и самостојна контрола, ја сочинуваат АЛФИ КИДС групацијата на друштва („АЛФИ КИДС Група”).

Субјектите во АЛФИ КИДС Групата развиваат и управуваат деловно работење со малопродажба и трговија на големо на производи за мајки и производи за деца до 8 години. АЛФИ КИДС Групата е активна во малопродажба само во Словенија, Хрватска и Северна Македонија, а врши трговија на големо во повеќе од 20 држави.

АЛФИ КИДС Групата има само едно зависно друштво во Северна Македонија- **АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје**, друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје – Гази Баба, Северна Македонија кое е активно во продажбата на големо и мало на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**